8

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 47-591/2
Датум: 04. 10. 2024 година

До: Finance Thin – Институт за економски истражувања и политики

Предмет: Одговор на Предлог – иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година

Почитувани,

До Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија е доставена Вашата предлог – иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, со наслов: Зголемување на финансиската поддршка за енергетска ситормаштија, при намалена државна интервенција во линеарно субвенционирање на сметките за електрична енергија на домаќинствата

По однос на предлог-иницијативата, информираме дека Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, од моментот на конституирањето активно работи на следното:

Во тек е изработа на нов Закон за енергетика во кој се воведуваат новини во начинот на формирање на цените за снабдување со електрична енергија за домаќинствата и малите потрошувачи, имено:

- Продажните цени од страна на универзалниот снабдувач се формираат согласно прописи и методологии донесени од Регулаторна комисија за енергетика;
- Снабдувачите со електрична енергија самостојно ја определуваат цената по која ги снабдуваат потрошувачите со електрична енергија;
- Во одредени ситуации дефинирани во предлог текстот на Законот за енергетика, заради заштита на општиот економски интерес, на Владата ѝ се овозможува да може да донесе одлука за снабдување на домаќинствата кои спаѓаат во категоријата на ранливи потрошувачи по цени кои се пониски од цените определени од снабдувачите. Оваа постапка во Законот се дефинира како интервенција врз цените. Дополнително, на Владата ѝ се овозможува да донесе одлука и домаќинствата кои не спаѓаат во категоријата на ранливи потрошувачи и малите потрошувачи да бидат снабдувани по цени по цени кои се пониски од цените определени од снабдувачите.

Покрај Законот за енергетика, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини учествува во изработката на Реформската агенда во рамки на Планот за раст. Реформската агенда содржи мерка насочена кон постепено прилагодување на цените на електричната енергија за домаќинствата и малите потрошувачи кон пазарните цени, придружена со мерки за намалување на енергетската сиромаштија. Оваа мерка опфаќа конкретни чекори за процентуално намалување на количината на електрична енергија потребна за универзалниот снабдувач, која е подложна на субвенции за електрична енергија, кои се одвојуваат од буџетот на Република Северна Македонија. Дополнително, треба да се овозможи поддршка на ранливите потрошувачи, со методологија за намалување на енергетската сиромаштија.


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

По донесувањето на новиот Закон за енергетика ќе претстои период на сериозна меѓуинституционална анализа за начинот на дефинирање на домаќинствата кои спаѓаат во категоријата на ранливи потрошувачи и нивно соодветно субвенционирање.

Земајќи го во предвид наведеното, Ви се заблагодаруваме за доставената предлог-иницијатива и студијата која ја споделивте со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија со име „Фискалниот простор во Западниот Балкан: Докази од скорешната повеќеслојна криза", кои ќе бидат земени во предвид од страна на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини при натамошните чекори.

Со почит,

**Министер за енергетика,**
**рударство и минерални суровини**

**Сања Божиновска**

Изработил: Магдалена Даскалова
Контролирал: Валентина Старделова
Одобрил: Горан Јовановски



Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk